# ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

**Член 1**

Во Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија” бр. 72/16 и 142/16 ) членот 6 став ( 2 ) се брише.

**Член 2**

Во членот 11 точките 13) и 14) се бришат.

**Член 3**

Во членот 17 ставот (3) се брише.

**Член 4**

Во членот 28 ставот (1 ) се менува и гласи:

**Предлози од Стопанската Комора на Република Македонија подржани од стопанството**

“(1) Барањето за извршување на извршната исправа доверителот го поднесува до извршителот во писмена форма со приложување на извршната исправа во оригинал. “

**Алтернатива 1**

„(1) Барањето за извршување на извршната исправа доверителот го поднесува до извршителот во писмена форма со приложување на извршната исправа во оригинал. Барање за извршување на извршната исправа чија вредност на главното побарување е над 10.000 евра задолжително го составува:

- адвокат и содржи адвокатски печат и потпис, или
- дипломиран правник со положен правосуден испит кое со странката е во работен однос“

**Алтернатива 2 - предложена од Адвокатска Комора на РМ (АКРМ)**

„(1) Барањето за извршување на извршната исправа доверителот го поднесува до извршителот во писмена форма со приложување на извршната исправа во оригинал. Барање за извршување на извршната исправа чија вредност на главното побарување е над 5.000 евра задолжително го составува адвокат и содржи адвокатски печат и потпис. “

Во член 28 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Барање за извршување на извршна исправа против должник физичко лице, во случај кога како доверител се јавуваат државни органи, органи на државна управа, органи на локална самоуправа, како и трговски друштва во кои државата е со мнозинство сопственост на капиталот, се поднесува до Комората на извршители ( во натамошниот текст: Комората) по електронски пат, која врши рамномерна распределба на предметите по извршителите. Комората го известува доверителот за извршителот кој постапува по поднесеното барање, не подоцна од 48 часа, сметано од денот на приемот на барањето. "

**Алтернатива од АКРМ**

Ставот (2) се брише

Ставот (3) се брише.

Во ставот (4) зборовите „содржината на одговорот на Комората и начинот на доставување на одговорот на Комората до доверителот" се бришат.

**Член 5**

Членот 33 се менува и гласи:

„(1) За извршител може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Македонија;
2) да е деловно способно и да има општа здравствена способност, што се докажува со уверение издадено од надлежна здравствена установа од областа на медицина на трудот;
3) да има најмалку пет години работно искуство на правни работи или три години на извршни работи;
4) да има положен испит за извршител според програмата што ја пропишува министерот за правда;
5)да има положен правосуден испит
6) активно да го владее македонскиот јазик;
7) да не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеца, или да не му е изречена казна забрана за вршење на должноста извршител;
8) да даде изјава пред нотар дека ќе обезбеди опрема и простор кои се потребни и соодветни за вршење на извршни работи и
9) да даде изјава пред нотар за својата имотна состојба, со сите последици од давање на лажен исказ.

(2) Условот од ставот (1) точка 6 на овој член се докажува со завршено школување во Република Македонија, а доколку школувањето е завршено во странство со потврда за активно познавање на македонскиот јазик издадена од Филолошкиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” - Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици.

(3) Министерот за правда ги пропишува видот на опремата и просторот за исполнување на условот од ставот (1) точка 8 на овој член.

(4) Условот од ставот (1) точка 9 на овој член подразбира изјава дадена пред нотар во којашто лицето ќе ја изнесе својата финансиска состојба, во смисла на имотна состојба, финансиски побарувања, обврски, долгови и слично, сето тоа условено со последиците од кривичното дело давање на лажен исказ (член 367 од Кривичниот законик).“

**Член 6**

Членот 34 се менува и гласи:

„ (1) Извршителот се именува со решение на Министерството врз основа на конкурс.

(2) Конкурсот за именување на извршители го распишува министерството, а го спроведува Комората која за таа цел формира комисија составена од пет члена.

(3) Во конкурсот мора да биде определено подрачјето за кое треба да се именува извршител. Ако истовремено се распишува конкурс за повеќе извршителски места, во конкурсот се соопштува дека кандидатите можат да се пријават за сите извршителски места. Кандидатите можат да го определат приоритетот на местата на кои сакаат да бидат именувани.

(4) Конкурсот за именување на извршители се објавува во “Службен весник на Република Македонија” и во два дневни весници, од кои по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(5) Рокот за пријавување на заинтересираните кандидати не смее да биде пократок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот во “Службен весник на Република Македонија”.

(6) Пријавите со прилозите со кои се докажува дека се исполнети условите за именување на извршител согласно со членот 11 на овој закон, се поднесуваат писмено до Комората.

(7) По истекот на рокот од ставот (5) на овој член, Комората е должна да ги достави до министерот примените пријави со свое мислење, најдоцна во рок од 15 дена од денот на завршување на конкурсот.

(8) На кандидатите кои нема да бидат именувани за извршител во рок од 15 дена од денот на именувањето на извршителите, им се доставува писмено известување, со копија од решението за именување.

(9) Против решението за именување на извршител, неименуваниот кандидат може да поведе управен спор пред надлежен суд. "

**Член 7**

Во членот 35 ставовите (9), (10) и (11) се бришат.

**Член 8**

Во член 36 став (1) зборовите:„ Во градовите каде нема именувано извршител, Комората, еднаш на две недели најмалку по 4 часа, обезбедува присуство на извршител, од редот на извршителите именувани за подрачјето на основниот суд на кој територијално припаѓа градот. Комората, водејќи сметка за рамномерно одредување на извршителите, го определува извршителот чија задача е да прима барања за извршување од физички лица, на начин пропишан со акт на Комората. Делегираниот извршител дејноста ја врши во просториите на општината, која за таа цел има обврска да обезбеди соодветен простор. За примените барања за извршување од тие градови, извршителот е должен да достави извештај до Комората. " се бришат.

**Член 9**

Во членот 40 алинеата 15 се брише, во алинеа 19 запирката се брише се додава сврзникот„ и" , а алинејата 20 се брише.

**Член 10**

Во членот 41 став (2) точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „ административни такси и трошоци. "

**Член 11**

Во насловот на член 45 зборот„барањата" се менува со зборот „барања".

Во членот 45 став (1) точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите:„ кој се води на софтвер изготвен согласно пропишаната форма и содржина и на начин пропишан од Министерот за правда.

**Член 12**

Во членот 46 во став (1) алинејата 1 се брише, а во алинејата 2 пред зборот „спроведени“ се додаваат зборовите„за обработка на предмет, трошоци и„“.

Ставовите (2) и (3) се бришат.

**Алтернатива по предлог на КИРМ**

Ставот (2) се брише.

Во став (4) точката 1) се брише, точката 2) се менува и гласи:„цената за обработка на предметот се определува во зависност од обемноста на документацијата во поднесеното барање за извршување која што треба да се скенира за внес во електронскиот Уписник, трошоците се определуваат во реален износ, а цената на извршните дејствија според видот, обемот и времетраењето и местото на извршувањето“.

Во точката 3) алинеа 2, втората реченица се брише

**Член 13**

Во членот 47 во ставот ( 3) последната реченица се менува и гласи:

“Доколку должникот и по две препорачани пратки на последното пријавено живеалиште во РМ , не го подигне писменото и поштата, се смета дека доставата е уредно извршена. Доколку доставата по пошта остане безуспешна извршителот доставата ја врши согласно со членот 48 од овој закон.“

**Член 14**

Во членот 48 во ставот (2) запирката се менува со точка, а зборовите “секојдневно во текот на три последователни броја“ се бришат.

Во ставот (3) пред точката се додаваат зборовите:„ од кога започнуваат да течат роковите за постапување.“

**Член 15**

Во членот 49 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) За заменик на извршител може да биде именувано лице кое ги исполнува условите да биде именувано за извршител и работи во канцеларијата на извршителот.“

**Член 16**

Насловот на членот 54 се менува и гласи: “Редовен надзор над работата на извршителите“

Во членот 54 став (1) по зборот „врши„ се додава зборот „редовен“, по зборот „извршителите“, запирката и зборовите „при што следи“ се бришат. По точката се додава нова реченица која гласи: „Редовниот надзор се врши со следење и анализа

на извештаите кои ги доставуваат извршителите, како и со теренска посета на извршителските канцеларии при што се следи:“ , а алинеите 10, 11 и 12 се бришат.

Во ставот (3) по зборчето „на“ се додаваат зборовите „теренски надзор“, а зборпт„надзорот“ се брише .

**Член 17**

По членот 54 се додава нов наслов и член 54-а кои гласат:

“Вонреден надзор над работата на извршителите

Член 54-а

(1) Министерството за правда може по претставка на странка, трето лице, учесник во постапка, по барање на претседателот на суд, државен орган и други институции, за конкретен предмет да изврши вонреден теренски надзор над работата на извршителот и Комората.

(2) Надзорот го врши Комисија формирана од Министерството за правда составена од најмалку двајца претставници на Министерството.

(3) Организирањето, известувањето и начинот на вршење на надзорот се врши согласно одредбите на член 54 ставови (3) и (4) од овој закон“

**Алтернатива член 54-а по предлог на КИРМ**

(1) Министерството за правда може по претставка на странка, трето лице, учесник во постапка, по барање на претседателот на суд, државен орган и други институции, за конкретен предмет да изврши вонреден теренски надзор над работата на извршителот и Комората.

(2) По приемот на претставката министерството ја задолжува Комората во рок од 15 дена да достави извештај по повод добиената претставка.

(3) Доколку Комората има сознанија за истата претставка или веќе е извршен надзор за истите околности, веднаш ќе го извести министерството за своето постапување.

(4) Министерството доколку смета дека е потребен теренски надзор за доутврдување на факти и околности за постапување по претставката, може по добиениот извештај од Комората да изврши вонреден надзор.

(5) Надзорот го врши Комисија формирана од претставници на Министерството за правда.

(6) Организирањето, известувањето и начинот на вршење на надзорот се врши согласно одредбите на член 54 ставови (3) и (4) од овој закон.

**Член 18**

Во членот 55 ставот (1) се менува и гласи:

“За извршениот надзор од членот 54 и 54-а се составува записник кој го потпишуваат членовите на Комисијата која го врши надзорот и извршителот. Ако извршителот одбие да го потпише записникот должен е да ги изнесе причините за тоа , а комисијата ги внесува во записникот.“

Ставот (2) се менува и гласи:

„По спроведениот надзор овластената Комисија составува извештај за констатираната состојба при надзорот.“

Во ставот (7) по зборчето „на“ се додаваат зборовите „теренски надзор“, а зборот„надзорот“ се брише “.

**Член 19**

Во член 58 во ставот (3) зборовите “ Советот на јавни обвинители од редот на обвинителите“ се заменуваат со зборовите “Министерството за правда“.

**Алтернатива по предлог од КИРМ** : „тројца судии.“

**Член 20**

Во членот 62 точка в) зборовите „од 500 до 5.000“ “ се заменуваат со зборовите “250 до 2.500“.

**Член 21**

Во членот 64 запирката по алениеата 8 се заменува со точка, а алинеите 9,10 и 11 се бришат.

**Член 22**

Во членот 65 став (1), сврзникот „и“ по алинеата 19, се заменува со запирка, точката по алиенеа 20 се заменува со сврзникот „и“, и се додава нова алинеа која гласи:

„- ненавремено и и/или неточно ги доставува извештаите за неговата работа утврдени во овој закон“.

**Член 23**

Во член 71 став (1) точката б) се менува и гласи:

“со исполнување на условите за пензија согласно Законот за работни односи.“

**Член 24**

Во член 73 точката з) се брише.

**Член 25**

Во член 75 став (1) по точката се додава нова реченица која гласи: Замениците немаат право на глас во Собранието“.

**Член 26**

**Предлози од Стопанската Комора на Република Македонија подржани од стопанството**

Член 86 став (1) се менува и гласи:

(1) Странката, учесникот или трето лице кое што смета дека извршителот при извршувањето постапувал незаконито, или пак пропуштил да преземе определено законско дејствие, може да поднесе приговор до основниот суд на чие подрачје извршувањето, или пак дел од него, се спроведува.

**Алтернатива 1:**

(1) Странката, учесникот или трето лице кое што смета дека извршителот при извршувањето постапувал незаконито, или пак пропуштил да преземе определено законско дејствие, може да поднесе приговор до основниот суд на чие подрачје извршувањето, или пак дел од него, се спроведува. Приговорот на извршно дејствие во предметите по извршната исправа чија вредност на главното побарување е над 10.000 евра задолжително го составува:

- адвокат и содржи адвокатски печат и потпис, или
- лице–дипломиран правник со правосуден испит, кое со странката е во работен однос

**Алтернатива 2 : АКРМ**

(1) Странката, учесникот или трето лице кое што смета дека извршителот при извршувањето постапувал незаконито, или пак пропуштил да преземе определено законско дејствие, може да поднесе приговор до основниот суд на чие подрачје извршувањето, или пак дел од него, се спроведува. Приговорот на извршно дејствие во предметите по извршната исправа чија вредност на главното побарување е над 5.000 евра задолжително го составува адвокат и содржи адвокатски печат и потпис

**Член 27**

**Предлози од Стопанската Комора на Република Македонија подржани од стопанството**

Член 87 став (1) се менува и гласи:

„(1) Против решението од член 86 од овој закон, странката, учесникот или третото лице и извршителот има право да поднесе жалба до Апелациониот суд на чие подрачје се наоѓа основниот суд.“

**Алтернатива 1:**

„(1) Против решението од член 86 од овој закон, странката, учесникот или третото лице и извршителот има право да поднесе жалба до Апелациониот суд на чие подрачје се наоѓа основниот суд. Жалбата против решението донесено по приговор на извршно дејствие во предметите по извршната исправа чија вредност на главното побарување е над 10.000 евра задолжително го составува:
- адвокат и содржи адвокатски печат и потпис, или
- лице–дипломиран правник со положен правосуден испит, кое со странката е во работен однос. “

**Алтернатива 2: АКРМ**

„ (1) Против решението од член 86 од овој закон, странката, учесникот или третото лице и извршителот има право да поднесе жалба до Апелациониот суд на чие подрачје се наоѓа основниот суд. Жалбата против решението донесено по приговор на извршно дејствие во предметите по извршната исправа чија вредност на главното побарување е над 5.000 евра задолжително го составува адвокат и содржи адвокатски печат и потпис“

Во став (7) зборот „укине“ се брише.

**Член 28**

Во членот 93 став (1) запирката по алинеа 3 се заменува со точка , а алинеа 4 се брише.

По ставот (2) се додава нов став(3) кој гласи.

„ (3) Доколку должникот пред извршителот презентира доказ за платено побарувањето во целост пред или после поднесување на барање за извршување, извршителот е должен да побара информација од доверителот за натамошниот тек на постапување по барањето за извршувањето. Доколку доверителот не одговори на барањето на извршителот во рок од 3 дена, извршителот со заклучок го запира извршувањето.

**Член 29**

Насловот пред членот и членот 95 се бришат.

**Член 30**

Во членот 103, по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) По предлог на било која од странките до извршителот, процената од став (1) од овој член ќе се прифати и во случај на запирање на извршувањето и

започнување на ново извршување по барање на доверителот, доколку проценета во другото извршување се врши во период на важечка процена на вредноста. "

**Член 31**

Во членот 116 во точката 9) зборчето "и" се заменува со интерпукцискиот знак ;

По точката 9) додава нова точка 10) која гласи:

„ 10) средства исплатени како хуманитарна помош или надомест на штета во ситуации предизвикани од елементарни непогоди во услови на донесена одлука за постоење на кризна состојба од страна на Владата на Република Македонија или Собранието на Република Македонија и"

Постојната точка 10) станува точка 11).

**Член 32**

Во членот 169 ставот (1) се брише.

По ставот(4) се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) Доверителот за чие побарување подоцна е издаден налог за пристапување кон извршувањето врз истата недвижност, може за намирување на своето побарување да даде предлог да се спроведе извршување врз недвижноста, задржувајќи го редоследот на намирувањето по кој налозите се запишани во јавната книга„

Ставот(5) станува став (6).

**Член 33**

По членот 174 се додава нов наслов „Посебни одредби за преземање извршни дејствија над недвижен имот кој останал со незапишани сопственички права" и член 174-а кој гласи:

„(1) Ако недвижниот имот или дел од недвижниот имот (доградби, надградби или објекти изградени на земјиште кое е заложено во полза на заложниот доверител кој спроведува извршување) над кој се спроведува извршување не е запишан во јавна книга, или останал со незапишани права, а извршителот не можел од било која причина да прибави доказ за сопственоста на имотот согласно позитивните прописи во Република Македонија наместо доказ за сопственост, извршителот врши попис на предметната недвижност или на тој дел од недвижноста.

(2) На пописот на недвижниот имот (стан во станбена зграда, куќа, деловен простор или друг објект или посебен дел од објект) во сопственост на правно или физичко лице извршителот ќе ги повика странките.

(3) Кога станува збор за земјоделско земјиште извршителот покрај странките, на пописот ќе ги повика и лицата со чии недвижности се граничи таа недвижност и лицата со право на првенствено купување .

(4) Записникот за попис се прибележува во имотниот лист на катастарската парцела запишана со право на сопственост, а на која катастарската парцела се наоѓаат објектите од ставот ( 1) на овој член."

**Член 34**

Во членот 176, по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) По предлог на било која од странките до извршителот, процената од став ()1 од овој член ќе се прифати и во случај на запирање на извршувањето и започнување на ново извршување по барање на доверителот, доколку проценката на недвижноста во другото извршување се врши во период на важечка проценка на вредноста."

**Член 35**

Во член 177, по ставот 1 се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Утврдената вредност на недвижноста со заклучокот на извршителот од ставот (1) е во важност до завршување на постапката за извршување.

**Член 36**

Во член 179 став (4) пред точката се додаваат зборовите:„ заради обезбедување на податок за данокот на имот пристигнат за последната година."

**Член 37**

Во член 185, став (2 )се менува и гласи:

„(2) Ако недвижноста не можела да се продаде на првото јавно наддавање, извршителот ќе закаже второ јавно наддавање на кое може, на предлог на доверителот, почетната цена да ја определи намалена до 1/3 од утврдената вредност."

Ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Доколку недвижноста не се продаде по истекот на роковите од ставот (3) на овој член, извршителот ќе определи нова продажба, само по предлог на доверителот . Поѓетната цена не може да биде намалена повеќе од една третина од утврдената вредност"

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Предлог за определување на нова продажба, доверителот не може да стави пред истекот на три месеца од денот на второто јавно наддавање ниту по истекот на една година од тој ден.“

**Член 38**

Во членот186 се додава нов став (7) кој гласи:

„(7) Извршителот, по барање на купувачот ќе ја изврши промената на сопственоста откако ќе биде платен данокот на промет и другите трошоци, кои се на товар на купувачот.“

**Член 39**

Во глава Седуманаесетта по точката 8 се додава нова точка 9 и нов член 205-а кои гласат:

„9.Спроведување на извршување над недвижен имот опишан во лист за предбележба на градба

Член 205-а

(1) Извршителот со заклучок ќе определи проценител да го процени имотот кој е опишан во лист за предбележување на градба согласно фактичката состојба и фазата на изведеност на идната градба утврдена со геодетски елаборат за посебна намена за утврдена фактичка состојба на идната градба.

(2) Заклучокот за извршена продажба на изградениот дел од идната градба заедно со правото на градење, претставува правен основ за стекнување со сопственост врз делот од градбата што се извршува, како и за стекнување на правото на градење со сите права и обврски поврзани со идната градба. Правото на градење се пренесува на купувачот заедно со идната градба, во состојба, односно фаза на изведеност на идната градба.

(3) Заклучокот од ставот 2 на овој член преставува правен основ за запишување на промена на инвеститор и носител на право на градба пред надлежните органи, а заради спроведување на сите промени во целокупната градежно-техничка, имотно-правна и друга документација која гласела на име на должникот.

(4) При спроведување на извршување на друг посебен дел од недвижен имот (стан, деловен простор, гаража и помошна просторија како имот кој претставува дел од идна градба опишана во лист за предбележување на градбата), на кој дел е прибележано правното дело за промет на предбележаното право на сопственост, купувачот се стекнува со правен основ за стекнување сопственост на тој дел од имотот што се извршува.

(5) Заклучокот на извршителот за продажба на делот од идната градба од ставот (4) на овој член претставува правен основ за стекнување со сопственост врз делот од идната градба.

(6) Заклучокот од ставот (5) на овој член преставува правен основ кој се прибележува во листот за предбележување на градбата како правно дело за промет на предбележаното право на сопственост.

(7) Со прибележување на заклучокот од став (5) на овој член во листот за предбележување на градба, се брише прибележаното правно дело за промет на предбележаното право на сопственост.

(8) За спроведување на извршување над имот опишан во лист за предбележба на градба а не е уредено во овој член, соодветно ќе се применуваат одредбите од член 166 до член 205 од овој Закон.“

**Член 40**

Во член 214 по ставот 1 се додаваат нови ставови (2), (3) и (4) кои гласат:

„(2)Во случај од претходниот став, извршителот обезбедува информации од останатите носители на платен промет за состојбата на средствата на сметките на должникот.

(3)Врз основа на обезбеден доказ за приоритет во извршувањето, извршителот со заклучок може да му наложи на било кој носител на платен промет да пренесе одреден износ на средства од сметката на должникот, на сметката на должникот која се води кај носителот на платен промет кој го примил налогот на извршувањето.

(4)Одредбите од овој член соодветно се применуваат и при спроведување на извршување кога должникот е физичко лице.“

**Член 41**

Во член 218 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Паричните средства на сметките на должникот не се предмети и права.“

**Член 42**

Во член 221 став (1) зборовите„ став (2)„ се бришат.

**Член 43**

Насловот на главата дваесет и шеста се менува и гласи: „ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВА ВО ЈАВНА КНИГА“

**Член 44**

Насловот на членот 240 и членот се менуваат и гласат:

„Начин на спроведување на извршувањето

Член 240

Извршување на извршна исправа заради засновање право на недвижност со запишување во јавна книга, како и заради пренос, ограничување или укинување на правото запишано во јавна книга се спроведува така што извршителот наложува во јавната книга да се изврши соодветно запишување.“

**Член 45**

Насловот на членот 241 и членот се менуваат и гласат:

„ Запишување на право на сопственост кога должникот
не е запишан како сопственик

Член 241

Кога должникот не е запишан како сопственик на недвижност, запишување на доверителовото право на сопственост на таа недвижност може да се изврши ако доверителот, заедно со барањето за извршување поднесе доказ дека правен претходник на должникот е лицето кое е запишано како сопственик. “

**Член 46**

Насловот на членот 241 и членот се менуваат и гласат:

„Запишување на друго право кога должникот не е запишан
како сопственик

Член 242

Кога според извршната исправа доверителот е овластен спрема должникот да бара запишување на заложно или некое друго право на недвижност, освен правото на сопственост, а должникот не е запишан како сопственик на таа недвижност, доверителот може со барањето за извршување да бара правото на сопственост да се запише на должникот, а потоа да се изврши запишување на доверителовото право, ако поднесе доказ дека должникот стекнал право на сопственост врз таа недвижност.“

**Член 47**

Членовите 243 и 244 се бришат

**Член 48**

Насловот на главата дваесет и седма се менува и гласи „Испит за извршители„

**Член 49**

Член 245 се менува и гласи:

„ (1) Испит можат да полагаат дипломирани правници со:

а) завршено четиригодишно високо образование на правни студии VII/1 или 300 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) во Република Македонија кои имаат најмалку две години работен стаж на правни работи, или

б) 240 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) во Република Македонија кои имаат најмалку три години работен стаж на правни работи, и

кои доставиле доказ за уплатениот износ на предвидените средства за полагање на испитот.

(2) Министерот ја утврдува висината на реално направените трошоци за полагање на испит за извршител, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел од испитот, изготвување на материјали и покани, уверенија и надоместок за работата на членовите и секретарот на Комисијата која го спроведува испитот и изготвување на уверенијата.

(3) Трошоците за полагање на испит се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на Министерството за правда.

(4) Ако трошоците не се уплатени на соодветната сметка на Министерството за правда, најдоцна седум дена пред денот определен за полагање на испитот, на кандидатот нема да му се дозволи полагање на испитот.

(5) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средставата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат согласно со закон.“

**Член 50**

Насловот пред членот 246 и членот 246 се менуваат и гласат:

„ Програма за полагање на испитот

Член 246

(1) Со испитот за извршители се проверува познавањето на правните прописи со кои се уредува :

1)Организација на правосудството, управата и локалната самоуправа

2) Извршување, парнична постапка, вонпарнична постапка и нотаријат;

3) Кривично право (општ и посебен дел);

4) Стварно право и катастар;

5) Трговско право и стечај,

и други прописи неопходни за вршење на должноста извршител.

(2) Содржината на испитот за извршители поблиску се уредува со правилник на министерот за правда. “

**Член 51**

Членовите 247 и 248 се бришат.

**Член 52**

Членот 249 се менува и гласи :

„ (1)Испитот се состои од устен и писмен дел.

(2)При определувањето на содржината на усниот дел од испитот за извршители за секој од кандидатите се води сметка дали истиот има положено правосуден испит, со цел да се избегне повторното полагање на правната материја која била опфатена со правосудниот испит.

(3) Со писмениот дел од испитот се проверува способноста за примена на законите во практиката. Истиот се состои од практична промена на Законот за извршување во два реални предмети.

(4) Начинот на организирањето и полагањето на испитот за извршители поблиску се уредува со Правилник на министерот за правда.“

**Член 53**

Член 250 се брише

**Член 54**

Насловот пред членот 251 и членот 251 се менуваат и гласат:

„ Комисија за полагање

Член 251

(1) Испитот за извршител се полага пред Комисија формирана од министерот за правда составена од пет членови, нивни заменици и секретар.

(2) Членовите на Комисијата и нивните заменици министерот за правда ги именува од редот на извршителите, нотарите, судиите, професорите на правни студии на универзитетите во Република Македонија.

(3) Секретарот на Комисијата Министерот за правда го именува од редот на вработените во Министертвото за правда.

(4) Членовите на Комисијата, нивните заменици и секретарот имаат право на надоместок за својата работа за секоја спроведена испитна сесија, утврден со одлука на Министерот за правда, во зависност од поединечното учество на секој од членовите или замениците на организираните испитни сесии. “

**Член 55**

Член 252 се брише.

**Член 56**

Во членот 253 став (1) зборовите„1.000 до 1.500„ се заменуваат со зборовите „500 до 750.“

Во ставот (2) зборовите„.500 до 1.000“ се заменуваат со зборовите „250 до 500“.

**Член 57**

Членот 254 се брише.

**Член 58**

Во членот 255 став (1) зборовите„3.000„ се заменуваат со зборовите „1.500 до 750“.

**Член 59**

Членовите 256, 257, 258, 259 и 260 се бришат.

**Член 60**

Во член 264 став (1) зборовите :„ и подзаконскиот акт со кој се определува бројот на извршителите на подрачјата на основниот суд“ се бришат.

**Член 61**

Во членот 265 зборовите„ извршни дејствија од извршителите по конкретно средство за извршување “ се менуваат со зборот „ извршувања“ .

**Член 62**

Во член 266 став 4 се брише.

**Член 63**

Овој закон влегува во сила осниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија„.